


Биди дел од успешниот тим на Уни Банка АД Скопје

Уни Банка вработува:

## АНАЛИТИЧАР ЗА РАЗВОЈ НА ПРОДУКТИ И АЛТЕРНАТИВНИ КАНАЛИ

Во УНИ Банка веруваме дека добриот банкарски производ започнува од добра идеја, а станува успешен преку анализа, иновација и разбирање на потребите на клиентите.

### ШТО ЌЕ БИДЕ ТВОЈОТ ПРЕДИЗВИК?

Како дел од нашиот тим, ќе имаш можност да:

- учествуваш во развој и унапредување на банкарски производи и услуги;
- анализираш пазар, конкуренција, трендови и потреби на клиентите;
- креираш предлози за нови производи и иновативни решенија;
- работиш на развој на алтернативни канали;
- следиш успешност на производи и кампањи преку релевантни KPI;
- идентификуваш можности за cross-sell и зголемување на користењето на услугите;
- ги претвораш податоците и анализите во конкретни бизнис-предлози.

КОГО БАРАМЕ?

Личност која:

- сака да истражува, анализира и предлага нови идеи;
- е проактивна, организирана и ориентирана кон резултати;
- има развиени комуникациски и презентациски вештини;
- има интерес за работа со податоци;
- има способност сложените анализи да ги претвори во едноставни и применливи решенија.

ШТО НУДИМЕ?

- можност за професионален развој и стекнување знаења од повеќе области;
- тимска и модерна работна атмосфера;
- можност твојата работа директно да влијае врз искуството на клиентите.

Бенефиции:

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности;

Доколку сакаш твојата анализа да стане производ, а твојата идеја – реално решение за клиентите, приклучи се на тимот на УНИ Банка.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на **jobs@unibank.com.mk,најдоцна до 25.09.2026 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk.